ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2018 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ СКОПЈЕ

01 2019 03 13

Скопје, август 2019

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 15 |
| Биланс на успех | 16 |
| Биланс на состојба | 17 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 18 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 19 - 21 |
| - Сметководствени политики | 21 - 25 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 25 - 31 |

Прилог 1: Забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Прилог 2: Одговор на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

**Кратенки користени во извештајот:**

АПП – Агенција за планирање на просторот

ЗЈН – Закон за јавни набавки

ДОО – Друштво со ограничена одговорност

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16 – 134/8

Дата: 03.09.2019

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за планирање на просторот (во понатамошниот текст - АПП) за 2018 година.

Изразено е неповолно мислење во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатите од финансиските активности во финансиските извештаи, и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2018 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за наменското и законското користење на средствата на АПП за 2009 година за кои е изразено мислење со резерва.

Во врска со спроведената ревизија утврдивме слабости и непрецизности во делот на:

- одредувањето на точната цена на чинење на услугите кои ги врши АПП за своите деловни клиенти;
- исплатата на месечната варијабла на платата на дел од вработените;
- целосноста на извршениот попис на средствата и обврските како и неизвршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

Кај спроведените постапки за јавни набавки во еден случај утврдивме воспоставување на критериуми за учество во постапката кои се непропорционални во однос на проценетиот износ на предметот на набавката.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

На ден 25.07.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенција за планирање на просторот Скопје број. од 16 – 134/4 од 04.07.2019 година, од раководното лице Огнен Апостолски, директор на Агенција за планирање на просторот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-194/7 од 26.07.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано дека во најголем дел дадените забелешки претставуваат известување за преземените мерки по утврдените состојби и дадените препораки.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Агенција за планирање на просторот на сметката кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех и Извештај за промени на главнината/капиталот за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Агенција за планирање на просторот Скопје за 2009 година и е изразено мислење со резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенција за планирање на просторот застапувано од:

- Огнен Апостолски, директор од 06.08.2017 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме

разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и процената на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 11.03.2019 до 19.04.2019 кај Агенција за просторно планирање од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија.

На ден 25.07.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенција за планирање на просторот Скопје број. од 16 – 134/4 од 04.07.2019 година, од раководното лице Огнен Апостолски, директор на Агенција за планирање на просторот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-194/7 од 26.07.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано дека во најголем дел дадените забелешки претставуваат известување за преземените мерки по утврдените состојби и дадените препораки.

### 3.1. Внатрешни контроли

3.1.1. По извршеното тестирање на трансакциите во главната книга на вкупниот влез и излез на готови пари и благајничкото работење на агенцијата, ревизијата го констатира следното:

- не е донесено Упатство/Процедура за исплата и уплата на парични средства во благајна - готовинско работење во кое детално ќе биде опишан начинот на наплата, располагање, уплата и исплата на готови пари;
- не се изготвуваат Благајнички извештаи, а при внес и излез на парични средства од благајната не се изготвуваат обрасците каса прими и каса исплати заклучно со месец август 2018 година, а во периодот потоа овие обрасци не содржат реден број поради што не може хронолошки да се следни нивното навремено изготвување и евидентирање;
- не е воспоставена соодветна контрола во делот на благајничкото работење при што изготвените благајнички извештаи почнувајќи од месец септември се потпишани само од помладиот соработник книговодител и не се проверени и контролирани од друго независно и одговорно лице;
- сметководствената евиденција (евидентирањето на трансакциите во трговските книги) и благајната се води од едно исто лице со што не е извршено разграничување на должностите.

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за платен промет и член 472 од Законот за трговски друштва, не обезбедуваат можност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаната состојба во благајната и не се обезбедени услови за целосен и ефикасен систем на контрола во благајничкото работење.

**Препорака**
Одговорните лица да преземат мерки и активности за донесување на упатство за благајничко работење во насока на детално пропишување на работењето со паричните средства и да се воспостави разграничување на должностите во благајничкото работење.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Статутот на АПП е донесен од страна на Управниот одбор во 2005 година врз основа на член 46 од Законот за просторно и урбанистичко планирање од 2005 година, за чие донесување не е презентирана согласноста од основачот на АПП - Владата на Република Северна Македонија. Во текот на 2014 година е донесен нов Закон за просторно и урбанистичко планирање, но АПП не извршила ажурирање на правните основи на Статутот и другите интерни акти согласно овој закон[1] и истиот да го достави на согласност до основачот. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 65 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да има влијание врз законитоста на функционирањето и работењето на АПП.

**Препорака**
Одговорното лице на АПП во соработка со УО на АПП да преземе потребни активности за ажурирање на правните основи на Статутот и истиот го достави до Владата на Република Северна Македонија за добивање согласност.

3.2.2. Согласно член 64 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, начинот на утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените во АПП како и висината на коефициентот на основната плата е пропишана со Правилник за плати и надоместоци усвоен во 2016 година. Во согласност со одредбите од овој Правилник, директорот на АПП има право да дава месечна варијабила на вработените за кои е утврдено дека покажале посебни резултати во работењето. Со увид во документацијата која ни беше презентирана утврдивме дека оваа месечна варијабила се исплатува на дел од вработените врз основа на потпишан список од директорот во кој се наведени вработените на кои им се исплатува наведената варијабила, но без да се донесе акт кој ќе содржи образложение за остварените посебни резултати на вработените на кои им е доделена за конкретниот месец. На овој начин извршената исплата на месечната варијабила не обезбедува соодветно ниво на објективност и создава можност од фаворизирање на одредени вработени.

**Препорака**
Одговорното лице на АПП да преземе активности за исплата на месечната варијабила врз основа на акт која ќе содржи соодветно образложение за остварените посебни резултати во работењето на вработените на кои им се доделува.

[1] Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18, 168/18).

## 3.3. Финансиски извештаи

### Биланс на успех

3.3.1. Во трговските книги на АПП евидентирани се приходи во износ од 31.296 илјади денари реализирани преку изработка на урбанистички планови, услови за планирање на просторот и регулациски планови. По извршен увид во начинот на фактурирање и наплата на приходите ревизијата ги утврди следните состојби:

- АПП нема донесено процедура за начинот на извршување на работните активности, контролните механизми и начинот на фактурирање по давање на услугите на правни и физички лица, што не е во согласност со член 16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Управниот одбор на АПП има усвоено Ценовник за изработка на урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација при што со одредбите на член 65 од Законот за просторно и урбанистичко планирање утврдени се актите на Агенцијата но во наведената одредба не е утврдена обврската за донесување на наведениот ценовник и обезбедување на согласност на истиот од Владата на Република Северна Македонија.. Наведената одредба предизвикува управниот одбор да пристапи кон донесување на наведениот ценовник но без притоа да го достави на согласност до основачот. Утврдената состојба создава ризик од субјективизам при формирањето на цени врз основа на кои АПП ги реализира своите услуги. Со извршениот увид во начинот на фактурирање на услугите по овој Ценовник, утврдивме дека фактурите за изработка на урбанистички планови во прилог не содржат соодветна поткрепувачка документација односно образложенија за сложеноста на теренот, постоечка супра и инфраструктура и не е зададен размерот на урбанистичките планови. Со оглед на тоа што утврдувањето на точната цена на чинење на оваа услуга согласно Ценовникот зависи од погоре наведените параметри, ревизијата не беше во можност да потврди дали при фактурирање на дадените услуги е применета соодветната цена од ценовникот со оглед на тоа што цените во истиот се дадени во распон, а точната цена на чинење се утврдува земајќи ги во предвид наведените параметри. На овој начин не добивме соодветно уверување дека АПП обезбедила објективно пресметување на цената на чинење што создава ризик од фаворизирање на поедини комитенти и пониска реализација на приходите на АПП.

Погоре наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Законот за трговски друштва, а отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола при фактурирање за дадените услуги создава несигурност во делот на потврдување на искажаната состојба на приходите.

**Препорака**

Одговорните лица на АПП да ги преземат потребните активности за надминување на утврдените состојби и тоа:

- донесување на интерна процедура за начинот на фактурирање на извршените услуги;
- во соработка со надлежното министерство иницираат измени и дополнување на одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање во делот на дополнување на актите за кои е потребно обезбедување на согласност од основачот (Ценовникот за изработка на урбанистички планови, урбанистичко – планска документација и урбанистичко – проектна документација) и
- при фактурирањето на дадените услуги во пресметките да се даде соодветно образложение / односно приложат доволно веродостојни податоци за начинот на утврдената цена.

## Биланс на состојба

3.3.2.АПП има извршено попис на средствата и обврските, со состојба 31.12.2018 година за што изработени се Записници за извршениот попис за 2018 година. Во врска со извршениот попис ги утврдивме следните состојби:

- не е изработен и усвоен интерен акт во кој ќе се опише постапката за реализација на пописните активности во Агенцијата со сите обврски на пописните комисии;
- пописните листи за извршениот попис се изработени на ниво на цела институција без податок за вредноста на средствата и без да се изврши разграничување на основни средства и ситен инвентар како и оштетените и отпишаните средства.
- Дел од средствата кои биле предмет на попис содржат општ и нецелосен опис без да се наведе марката, видот и моделот на средствата;
- констатиравме несогласувања во инвентарните броеви во пописните листи и материјалната евиденција;
- не е извршен попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на дел од ситниот инвентар, мобилни апарати, паричните средства на трансакциската сметка на Агенцијата како и лиценци и дел од нематеријалните средства;
- Комисијата за вршење попис не ги обезбедила податоците од материјалната евиденција на АПП во врска со инвентарните броеви, називи, видови и единечни мерки на средствата кои се предмет на попис, односно основа за вршење на попис претставуваат пописните листи од претходно извршените пописи[2];

[2] Член 10 од Правилникот за начинот на вршење попис ....;

- До Агенцијата доставени се пописни листи од страна на ДОО[3] во кои доминантен удел има АПП, но истите се однесуваат на сите средства со кои располагаат овие ДОО, односно не се доставени пописни листи само на средствата кои се во сопственост на АПП;
- не е извршено соодветно разграничување на надлежностите при што како претседател на комисија за попис на побарувања и обврски ангажирано е лице кое е распоредено на работно место помлад соработник- книговодител, што не е во согласност со член 8 став 2 од Правилникот за начинот на вршење на Попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;
- во материјалната евиденција утврдивме случаи на групно наместо поединечно евидентирање на набавени основни средства, а оваа евиденција не содржи податоци за датум на набавка и датум на пуштање во употреба на основните средства поради што утврдувањето на точноста на пресметаната и евидентирана амортизација е значително отежнато. За дел од основните средства од ист вид се применува различна амортизациона стапка без да ни биде презентиран документ согласно кои е извршено утврдување или промена на стапката на амортизација;
- Со извршената проверка на дел од опремата утврдивме дека 3 компјутери и еден монитор не се пуштени во употреба при што трошокот за амортизација во 2018 година по овој основ е преценет за 78 илјади денари;
- Утврдивме дека акумулираната амортизација и пресметаната амортизацијата за 2018 година за нематеријалните средства не е евидентирана на позицијата која е предвидена за ова, односно истата е евидентирана на позицијата за амортизација на материјалните средства. Утврдената состојба предизвикува позицијата материјални средства во трговските книги да има негативна вредност во висина од 14.897 илјади денари. Поради неможност на одделението за административни и правни работи да го утврди точниот износ на амортизацијата корективно книжење не беше извршено во текот на извршувањето на ревизијата;
- Записниците за извршениот попис се доставени до УО и за истите не е донесен акт за нивно усвојување од страна на УО, што не е во согласност на член 12 став 2 од Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот. На ревизијата и се презентирани записници од управниот одбор во претходни периоди од кој може да се забележи дека во претходните периоди донесувани се акти за усвојување на записниците од извршениот попис;
- Со преземените ревизорски техники кај средствата кои беа предмет на ревизија освен погоре наведените, не се констатирани разлики помеѓу сметководствената и фактичката состојба.

- [3] Урбан Штип ДОО, Урбан ДОО Охрид, Урбан ГИС ДОО Куманово, Урбанизам ДОО Битола, ГО План ДОО Гостивар, ТЕ План ДОО Тетово

Утврдените состојби не се во целосна согласност со одредбите на Законот за трговските друштва и Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и истите предизвикуваат неможност да се изврши целосно усогласување на состојбата на средствата искажана во трговските книги и фактичката состојба.

**Препорака**
Одговорното лице во АПП, да преземе мерки и активности за:

- Извршување на попис на целокупните средства и извори на средства со кои располага АПП, внесување на потребните податоци во пописните листи и да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- правилно разграничување на должностите на вработените со задачите утврдени со актот за вршење на попис на средствата и нивните извори;
- поединечно евидентирање на набавените основни средства и примена на соодветни стапки на амортизација;
- да се изврши корекција на состојбата на амортизацијата и нејзино евидентирање на соодветните позиции.

3.3.3. Во трговските книги на АПП за известувачкиот период на име резерви евидентиран е износ од 50.193 иљади денари, акумулирана добивка во износ од 60.884 иљади денари и пренесена загуба во износ од 41.138 иљади денари. На ревизијата не и се презентирани соодветни докази дека АПП постапила во согласност со одредбите на член 483, 484 и 485 од Законот за трговските друштва во делот на донесување на акт за распоредување на добивката, покривање на загубата и издвојување во задолжителната општа резерва. Непреземањето на потребните активности од страна на АПП врши намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**
Одговорното лице на АПП во соработка со одделението за правно административни работи да подготват акт за усогласување на висината на задолжителната општа резерва и покривање на пренесената / тековната загуба.

## 3.4. **Користење на средствата согласно законски прописи**

3.4.1 Со извршената ревизија на процесот на планирање на јавните набавки, подготвувањето на тендерската документација, доделување на договори за јавни набавки и извршениот увид во презентираната документација за спроведените постапки на 11 јавни набавки со вкупна проценета вредност од 5.442 иљади денари кои имаат реализација во 2018 година констатиравме одредени слабости.

- Во тендерската документација по огласот за избор на најповолен понудувач за одржување на ПИС/ДМС воспоставени се минимум критериуми за утврдување на економската состојба на економскиот оператор што економските оператори

треба да ги исполнат, кои негативно влијаеле врз бројот на економски оператори кои доставиле понуда за учество во постапката. Притоа како критериум се наведени и годишен промет во висина од 10 милиони денари последователно за три години како и најмалку 10 вработени, иако проценетата вредност на набавката е 1.300 илјади денари, а за конкретниот дел 1 од набавката проценетата вредност е еден милион денари односно 10 пати пониска од бараниот годишен промет. Вака извршената проценка на АПП во поглед на бараниот годишен промет за учество во постапката е несоодветна и непропорционална на проценетата вредност и предметот на ЈН, што не е во согласност со член 144 од ЗЈН.

Како резултат на ова на предметната набавка се има јавено само еден заинтересиран економски оператор на кој и му е доделен договор за реализација на набавката со што не е постапено во согласност со член 2 од ЗЈН и не е обезбедена конкурентност и економичност во постапката.

**Препорака**
АПП да воспостави пракса при дефинирање на критериуми за учество во јавните набавки во однос на проценетата вредност и предметот на набавките во тендерската документација истите да бидат пропорционални и во сообразност со вредноста на набавката.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупниот ефект од утврдените состојби во точките 3.1 до 3.4 кои претставуваат основ за изразување мислење е:

- Не преземени активности за усогласување на Статутот на АПП и обезбедување согласност од основачот;
- воспоставена е пракса кон фактурите за извршените услуги да отсуствуваат уредни и веродостојни документи кои претставуваат основ за вредноста на издадената фактура;
- недоследности во делот на исплатата на месечната варијабла на платата на вработените кои го оствариле тоа право;
- недоследности во начинот на спроведување на пописот на средствата и обврските;
- несоодветно евидентирање на акумулираната и пресметаната амортизација за нематеријалните средства, која има за ефект негативна вредност на материјалните средства во финансиските извештаи;
- непреземени активности во делот на донесување на акт за распоредување на добивката, покривање на загубата и издвојување во задолжителната општа резерва;
- необезбедена конкурентност при реализацијата на една јавна набавка поради воспоставени несоодветни критериуми за учество во постапката.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.2 до 3.3, финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за планирање на просторот на ден 31 декември 2018 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1 и 3.4 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за планирање на просторот во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласувања на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Агенцијата за планирање на просторот ја спроведува политиката на планирање и уредување на просторот на Републиката. Со одредбите на член 56 од Законот за просторно и урбанистичко планирање дефинирани се детално работите кои ги извршува Агенцијата и тоа како што следува:

- изработува Просторен план на Републиката;
- го следи спроведувањето на Просторниот план на Републиката;
- го разработува Просторниот план на Републиката,
- изработува елаборат за услови за планирање на просторот;
- го одржува и ажурира единствениот просторно-информативен систем на податоци;
- изработува урбанистичките планови и урбанистичко-планската документација;
- ги изработува урбанистичките планови, регулациските планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација чија изработка е утврдена во годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациски планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација;
- изработува архитектонско-урбанистички проекти и проекти за инфраструктура;
- издава извод од урбанистичкиот план односно урбанистичко-планската документација по поднесено барање од државен орган, агенција или фонд

основани од Владата на Република Македонија и правни лица во целосна или доминантна сопственост на Република Македонија, и
- изработува стручни анализи и информации за состојбите во планирањето за потребите на државните органи и на органите на државната управа.
За извршување на наведените активности утврдени со годишните програми[4] донесени од Владата на Република Северна Македонија Агенцијата утврдила пристап фактурирањето да го извршува без пресметување на Данок на додадена вредност, повикувајќи се на член 10 од Законот за данокот на додадена вредност, кој пристап се разликува при фактурирањето на услугите извршени на други правни субјекти. Во известувачкиот период по овој основ не се пресметани обврски на име ДДВ во износ од 3.780 илјади денари.
За наведената состојба директорот на Агенцијата на ден 20.06.2019 година до Државниот завод за ревизија достави допис меѓу кои ги елаборира и причините за наведениот пристап на фактурирање повикувајќи се на „интерно Упатство за примена на данокот на додадена вредност, од страна на Министерството за финансии".

Имајќи во предвид дека се работи за интерен акт на надлежното министерство кој не е јавно достапен за сите правни субјекти од една страна и да не се создадат дополнителни обврски по основ на ДДВ и парични глоби за несоодветно постапување по основ на Законот за данокот на додадена вредност, овластениот државен ревизор укажува на потребата Агенцијата да обезбеди официјално мислење од надлежните органи (Министерство за финансии, Управа за јавни приходи) за начинот на постапување при фактурирањето на извршените услуги по годишните програми донесени од Владата на Република Северна Македонија односно дали наведените услуги подлежат или не подлежат на оданочување со ДДВ.

5.2. Агенцијата воспоставила пракса водењето на трговските/деловните книги да го води согласно одредбите на Законот за трговските друштва и Правилникот за водење на сметководство, при што финансиските извештаи се подготвуваат по принципот на пресметковна основа. Не оспорувајќи ги преземените активности од страна на АПП за начинот на подготвување на финансиските извештаи но имајќи ги во предвид утврдените состојби во писмото со препораки до менаџерскиот тим за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2016 година и одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации упатуваме на потребата менаџментот на АПП да се обрати до надлежното министерство за обезбедување на мислење за „принципот" за подготвување на финансиските извештаи.

5.3. Како што е наведено во точка 6.1.1. од овој извештај АПП се јавува како доминантен сопственик на 8 ДОО односно на ревизијата и се презентирани податоци само за 6 ДОО, при што од страна на АПП не се преземени активности

[4] Член 58 од Законот за просторно и урбанистичко планирање;

за подготвување на Консолидирани финансиски извештаи согласно МСС 27 – Консолидирани и посебни финансиски извештаи.

## 6. Останати прашања

6.1.1. Во 2002 година ЈП за просторни и урбанистички планови има основано 8 друштва за ограничена одговорност врз основа на донесена Одлука за основање на друштва со ограничена одговорност. Во деловните книги на АПП на позицијата Долгорочни финансиски средства на крајот на 2018 година искажани се вложувања во 6 друштва во вкупен износ од 848 илјади денари. Од направениот увид на приложената документација поврзана со евидентираните вложувања, ревизијата го констатираше следново:

- согласно на доставените финансиски извештаи овие друштва покажуваат ниско ниво на деловни активности или воопшто не покажуваат деловна активност за периодот предмет на ревизија и најголем дел од формираните друштва работат во загуба. Со оглед на тоа што согласно на договорите за основање на овие ДОО во покривањето на загубата учествуваат содружниците секој во висина на своето процентуално учество во основачкиот влог, ниското ниво на деловни активности и остварена загуба во работењето создава обврска за покривање на овие загуби и од страна на АПП која има највисок удел во овие друштва. Со увид во документацијата и извршените интервјуа со одговорни лица во АПП утврдивме дека Агенцијата не ја реализирала оваа своја обврска. Во услови кога и АПП и ДОО во кои Агенцијата е содружник работат со загуба како и ниското ниво на деловни активности на овие ДОО се поставува прашањето за целисходноста од функционирањето на овие ДОО, односно во случај АПП да ги извршува своите обврски за покривање на загубата согласно склучените договори за основање финансиската состојба на АПП дополнително ќе се влоши;
- согласно спомenатата Одлука основани се 8 ДОО[5] утврдени како подружници. Агенцијата има искажано во трговските книги вложувања на финансиски средства во шест ДОО и ни беа презентирани склучени договори за основање на шест ДОО. Не се презентирани документи/информации во врска две основани друштва со што се изврши ограничување на делокругот на ревизијата. Од вкупно шест склучени договори, три не се архивски заверени од страна на Агенцијата и два не се потпишани од одговорно лице кое ја застапува Агенцијата;
- со анализа на договорите утврдивме дека во еден од договорите не се прецизирани предметите кои ги вложуваат содружниците и нивниот поединечен износ, додека кај друг склучен договор вложувачкиот износ на АПП не кореспондира со евидентираното процентуално учество на истата во содружничкиот влог. Дополнително на ова во договорот за основање на ДОО Урбан – ГИС, ревизијата утврди дека износите на основачкиот влог наведени во

[5] Подружница Скопје, Подружница Куманово, Подружница Битола, Подружница Охрид, Подружница Штип, Подружница Кочани, Подружница Гостивар и Подружница Тетово

член 4 и евидентираниот влог во трговските книги на АПП не кореспондира со износот наведен во договорот.

Наведените состојби влијаат врз погрешно евидентирање на основачките влогови во деловните книги што може да предизвика евидентирање на повисоки износи на основачки влогови во деловните книги од реално уплатените како и нивна неусогласеност со склучените договори.
Имајќи ја во предвид претходно наведената состојба, статусот на АПП, финансиските резултати кои ги остварува АПП и друштвата од една страна и нивото на активности кои се остваруваат од страна на ДОО овластениот државен ревизор укажува на потребата менаџментот на АПП во соработка со надлежното министерство да преземат активности за преиспитување на целисходноста на постоењето на ДОО во кои АПП има доминантен удел односно изготви план за понатамошното функционирање / консолидирање на овие друштва.

БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2018 ГОДИНА

| | | **во 000 денари** |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2018** | **2017** |
| | | |
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 31.296 | 22.268 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 9 | 99 |
| **Вкупни приходи од работењето** | **31.305** | **22.367** |
| | | |
| | | |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И ДРУГИ МАТЕРИЈАЛИ | 1.059 | 1.442 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 5.370 | 7.165 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 23.207 | 26.812 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 4.273 | 6.706 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3.739 | 4.888 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | 42 | - |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 6 | - |
| **Вкупно расходи од работењето** | **37.696** | **47.013** |
| | | |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 505 | 920 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 55 | 19 |
| | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (5.941) | (23.745) |
| | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (5.941) | (23.745) |
| **Данок од добивка** | **18.339** | **25.092** |
| | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (24.280) | (48.837) |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2018** | | **2017** |
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛ | 60.788 | | 65.893 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ПОВРЗАНИ ДРУШТВА | 0 | | 0 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 3.275 | | 626 |
| ПОБАРУВАЊА ЗА ДАДЕНИ АВАНСИ | 10 | | 10 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 952 | | 776 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 358 | | 358 |
| **Вкупно тековни средства** | **65.383** | | **67.663** |
| **Нетековни средства** | | | |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 21.053 | | 20.747 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | (14.897) | | (10.624) |
| ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 848 | | 848 |
| **Вкупно нетековни средства** | **7.004** | | **10.971** |
| **Вкупна актива** | **72.387** | | **78.634** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 256 | | 415 |
| ПРИМЕНИ АВАНСИ, КРАТКОРОЧНИ ДЕПОЗИТИ И КАУЦИИ | 23 | | 23 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 699 | | 0 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 0 | | 3 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **978** | | **441** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ | 196 | | 1.040 |
| **Вкупно нетековни обврски** | **196** | | **1.040** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | 7.214 | | 7.214 |
| РЕЗЕРВИ | 50.193 | | 50.693 |
| АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | 60.884 | | 60.384 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 41.138 | | 17.392 |
| ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 5.940 | | 23.746 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **71.213** | | **77.153** |
| **Вкупна пасива** | **72.387** | | **78.634** |

П Р Е Г Л Е Д

НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2018 година** | **7.214** | 50.693 | 60.384 | 17.392 | | 23.746 | 77.153 |
| Распределба на добивката за претходна година во корист на капиталот и резервите | | | | | 500 | | 500 |
| Загуба за деловна година | | | | 23.746 | | (17.806) | (5.940) |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и | | (500) | | | | | (500) |
| **Состојба 31.12.2018 година** | **7.214** | **50.193** | **60.384** | **41.138** | **500** | **5.940** | **71.213** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Скопје: 25.07.2019
Наш број: 0304/148/8

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. "Јордан Мијалков",
Палата "Емануел Чучков"
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 26.07.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 16-134 | 7 | |

**ПРЕДМЕТ:** Доставување одговор

Почитувани,

Во прилог Ви доставуваме одговор на забелешките на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот.

Со почит,
Директор

Огнен Апостолски, д.и.а

1000 Скопје, "Плоштад Македонија", бр.2, тел./факс 02 3 227 244

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Јордан Мијалков",
Палата „Емануел Чучков"
1000 Скопје

Скопје, 25.07.2019
Наш број: 0304/148/8

ПРЕДМЕТ: Доставување забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот

Почитувани,

По разгледувањето на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенцијата за планирање на просторот, во определениот рок Ви ги доставуваме следниве забелешки:

1. По однос на точка 3.1.1. од Извештајот, одговорните лица во Агенцијата за планирање на просторот (во понатамошниот текст АПП) ја прифаќаат забелешката и во разумен рок ќе постапат согласно Препораката дадена од ревизорот, односно ќе донесат упатство за благајничко работење во насока на детално пропишување на работењето со паричните средства. Што се однесува до разграничување на должностите во благајничкото работење, за што е потребно најмалку едно ново вработување, веднаш покренавме постапка за отворање на ново работно место во систематизацијата а потоа и ќе побараме согласност од надлежните органи: Министерство за информатичко општество и администрација и Министерство за финансии, иако обемот и висината на средствата со готовински исплати во АПП се мали во однос на фискалните импликации за уште едно вработување.

2. По однос на точка 3.2.1. од Извештајот, која се однесува на усогласување на статутот на АПП донесен 2005 година со Законот за просторно и урбанистичко планирање донесен во 2014 година, Ве информиравме дека АПП веќе е во постапка на измена и дополна на Статутот, односно нов предлог Статут уште на 03 јули 2018 година е разгледан на деветтата седница на Управниот одбор, кој го одложи неговото донесување поради тоа што во завршна фаза на донесување е нов Закон за просторно и урбанистичко планирање.

3. По однос на точка 3.2.2. од Извештајот која се однесува на дискреционото право на Директорот на АПП да наградува со одредена месечна варијабила, Ве информираме дека во целост ќе постапиме според Вашата препорака, со цел да се спречи евентуалниот субјективизам и фаворизирање на одредени вработени.

4. По однос на мислењето во точка 3.3.1., кое се однесува на начинот на наплата на услугите кои ги нуди АПП сметаме за потребно да истакнеме дека:

- Со воведување на стандардот ИСО 9001, АПП има донесено процедури за работните процеси во секој од секторите и во секоја од процедурите се опишани

активностите и одговорностите на сите вклучени во процесот на изработка на одделна задача;

- Согласно Статутот на АПП, Управниот одбор носи ценовници за утврдување на вредноста на работите кои ги извршува АПП. Актуелниот Закон за просторно и урбанистичко планирање, член 16 став 14, ја дава обврската за носење Ценовник на Комората на овластени архитекти и инженери („Правните лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови и лиценца за ревизија на урбанистички планови, при изработка и стручна ревизија на урбанистички планови, урбанистичко-плански документации, урбанистичко-проектни документации како и при изработка на регулациски план на генерален урбанистички план, за извршените услуги наплаќаат согласно Ценовник кој го донесува Комората, по претходна согласност на Владата на Република Македонија и истиот се објавува во „Службен весник на Република Македонија“). Во недостиг на наведениот ценовник, кој сеуште не е изготвен од страна на Комората, УО на АПП, во кој членуваат претставници и од Министерството за транспорт и врски (претставници на основачот на АПП), го има донесено „Ценовникот за изработка на урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање“. Во Ценовникот на АПП се класифицирани плановите по вид и деталност на обработка, а ценовниот распон овозможува внесување и на факторите за сложеност (кои произлегуваат од теренот, постојната оптеретеност со инфра и супра структура и сл.). Пресметките на плановите кои ги изработува АПП се одобруваат од службите во Министерството за транспорт и врски (сектор за уредување на просторот), со што е запазен принципот на контрола и се избегнува субјективизмот при утврдување на цените на услугите;
- Фактурирањето на извршените услуги се врши во согласност со постапки кои се дефинирани во Закон, а начинот на фактурирање и исплата на извршените работи се регулира во Годишна програма (која на предлог на Министерството за транспорт и врски ја донесува Владата на Република Северна Македонија) и Договор (и Протоколи) кои се склучуваат меѓу АПП и Министерството за транспорт и врски.

5. По однос на точка 3.3.2. од Извештајот, одговорните лица во АПП во соодветен рок ќе постапат согласно препораката дадена од ревизорот, а што се однесува до наведената забелешката за трите компјутери кои не се пуштени во употреба, мораме да потенцираме дека истите се набавени како резервни во март 2016 година и се од бренд за чие користење се потребни дополнителни работи.

6. По однос на точка 3.3.3. од Извештајот, одговорните лица во АПП ќе постапат по забелешката и ќе донесат Акт за распределба на добивката од претходните години. Напоменувам дека на крајот на 2018 година Управниот одбор на АПП веќе донесе одлука за усвојување на Сметководствени политики во кои се опфатени и Вашите препораки чија примена ќе започне од 2019 година.

7. По однос на точка 3.4.1. која се однесува на Јавните набавки, сметаме за потребно да појасниме дека:

- Тендерската документација за одржување на ПИС/ДМС, во која критериумите се и годишен промет од 10 милиони денари последователно за три години како и 10 вработени, се однесува на системската инфраструктура, поточно одржувањето на хардверските и софтверските компоненти на ПИС и ДМС: превентивно, интервентно и адаптивно одржување и техничка поддршка на хардверското и софтверското решение за ГИС, ДМС и архивските модули;

- Значењето на оваа инфраструктура за работните процеси во АПП, како и средствата кои се инвестирани во хардверското и софтверското решение (вкупната инвестиција надминува 15 милиони денари) наложуваат барање на економски оператор кој е во кондиција, економска и кадровска, да одговори на потребите за одржување на системот и да не го доведе во прашање интегритетот на податоците, уште повеќе што една од надлежностите на АПП (утврдена во член 56 од Законот за просторно и урбанистичко планирање) е да „го одржува и ажурира единствениот просторно-информативен систем на податоци";
- Бараниот годишен промет од 10 милиони денари последователно за три години не е висок критериум за субјект кој треба да има 10 вработени, земајќи ја предвид просечната плата во реалниот сектор; Податоците од Државниот завод за статистика за дејноста „Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности" велат дека во периодот јануари-април 2019 просечна исплатена месечна нето-плата по вработен била 57.596,00 денари нето што имплицира дека субјект со 10 вработени, само за плати (бруто износ) треба да има обезбедено 9.192.321,60 денари.

Оттука цениме дека, иако набавката е за услуга со вредност од 1 милион денари (дел 1), проценетата вредност на опремата и софтверските решенија кои се предмет на одржување е 15 милиони денари, што е пропорционално и сообразно со бараниот годишен промет од 10 милиони денари.

8. По однос на точка 5.1., во врска со начинот на пресметување на ДДВ во која државниот ревизор укажува на потребата Агенцијата да обезбеди официјално мислење од надлежните органи (Министерството за финансии, Управа за јавни приходи) за начинот на постапување при фактурирање на извршените услуги по годишните програми донесени од Владата на Република Северна Македонија, а по направени консултации со повеќе експерти од оваа област (правници и економисти), сметаме дека одредбите на чл. 10 од Законот за ДДВ со кои се пропишува дека државните органи и другите јавно - правни тела (во кои спаѓа Агенцијата) не се даночни обврзници за оној дел од нивната дејност што се ограничува на извршување на јавна функција, се доволно јасни. Поради ова Агенцијата не треба да бара дополнително официјално мислење од надлежните органи за примената на овој член од Законот, уште повеќе што од основањето до денес АПП работи на ист начин, а освен тоа и досега, секоја година била предмет на ревизија и ваква забелешка немало за нејзиното работење.

Што се однесува на Упатството на Министерот за финансии за прмена на Законот за ДДВ, на кое се повикува Агенцијата, укажуваме дека доследната примената на истото Упатство е обврзувачко за сите вработени во Министерството за финасии и Управата за јавни приходи во постапката на контрола на даночните обрзници и има за цел да им помогне на вработените во наведените институции во практичната примена на Закнот за ДДВ. Во прилог на ова укажуваме на фактот дека навдените услуги за реализација на Програмата на Владата во делот на урбанистичкото планирање, согласно своите законски овластувања, исклучиво се во надлежност на Агенцијата и истите не може да ги пружа било кој друг орган или правно лице, што значи дека во овој сегмент Агенцијата не врши стопанска активност која би била предмет за плаќање на ДДВ.

Според мислењето на стручните лица, доколку ревизорот е на мислење дека Агенцијата не постапува во согласност со член 10 од Законот за ДДВ, истото треба да го образложи и аргументира но без аргументација не е во ред да се констатира и даде како забелешка дека АПП има непресметан ДДВ во износ од 3.780 илјади денари.

Од наведеното оваа забелешка е неоснована и не треба да биде содржана во Извештајот.

9. По однос на точката 6.1.1. која се однесува на АПП и друштвата со ограничена одговорност напоменуваме дека:

- Агенцијата за планирање на просторот нема основано 8 друштва со ограничена одговорност.

- Согласно одлуката за основање донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови, бр.0307-45/1 од 11.02.2002 г., се основаат 8 друштва со ограничена одговорност утврдени како подружници на Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови. Со оглед дека Агенцијата за планирање на просторот е основана на 19.12.2005 година (видно од презентираната тековна состојба издадена од Централен регистар на РМ), оттогаш до денес Агенцијата функционира со 6 (шест) друштва со ограничена одговорност. Со отпочнување со работата на Агенцијата, Јавното претпријатие за просторни и урбанистички планови престана да постои за што Владата на Р.М. покрена постапка за негово бришење од регистарот. Оттука, согласно реалната сотојба, на ревизорите им се презентирани склучени договори за основање на 6 (шест) Друштва со ограничена одговорност;

- Во однос на покривањето на евентуална загуба, напоменуваме дека во сите презентирани договори за основање на друштвата со ограничена одговорност, децидно е наведено дека „ризикот од настаната загуба содружниците го сносат во висина на основачките влогови", а не „во висина на процентуалното учество во основачкиот влог".

Заклучок:
Според сето претходно наведено, земајќи ги во предвид објективно сите елементи кои влијаат на работата на АПП во 2018 година, сметаме дека изразеното неповолно мислење за работата е преостро.

со почит,
Директор

Огнен Апостолски, д.и.а

Прилог: 2

**Одговор на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 25.07.2019 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Агенција за планирање на просторот Скопје број од 16 – 134/4 од 04.07.2019 година, од раководното лице Огнен Апостолски, директор на Агенција за планирање на просторот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-194/7 од 26.07.2019 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.1.1** која се однесува на констатирани слабости во делот на благајничкото работење **претставува известување** дадено од страна на раководното лице дека ја прифаќа утврдената состојба и воедно информира дека во разумен рок ќе ги преземе потребните активности за донесување на соодветна процедура за благајничкото работење. Исто така раководното лице информира дека ќе преземе активности за разграничување на надлежностите во делот на благајничкото работење и ќе иницира постапка за обезбедување на потребните согласности и вработување на соодветно лице.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.1** која се однесува на неизвршено ажурирање на правните акти / статутот на АПП **претставува известување** од раководното лице за преземените активности но истите не резултирале со промена на утврдената состојба.

3. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.2.2** која се однесува на пресметката на месечната варијабла на плата на дел од вработените **претставува известување** од страна на раководното лице дека во целост ја прифаќа утврдената состојба и дадената препорака и по истата ќе постапи во насока на надминување на утврдената состојба.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.3.1** која се однесува на недостатоци во делот на утврдување на цената на услугите кои ги пружа АПП **<u>не се прифаќа</u>**. Наводите искажани во забелешката се општи, истите ни беа познати во фазата на извршување на ревизијата и не даваат објаснување на констатираните состојби на начин кој би бил во насока на измена на утврдената состојба од оваа точка од извештајот.

5. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.3.2** која се однесува на констатирани недостатоци во врска со спроведувањето на пописот дел **претставуваат известување** од одговорното лице дека ќе постапат согласно дадените препораки додека дадената забелешка во делот на опремата која не е дадена во употреба а е извршено пресметување на исправка на нивната набавна вредност (амортизација) **не се прифаќа,** поради тоа што утврдениот начин на постапување не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

6. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.3.3** која се однесува на неизвршено усвојување на акт за распределба на добивката и покривање на загубата **претставува известување** од страна на одговорното лице за активностите кои ќе бидат преземени во иднина и активностите кои се преземени, но во прилог на забелешките не се доставени дополнителни докази за потврдување на преземените активности и нивно обелоденување во извештајот на овластениот државен ревизор.

7. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.4.1** која се однесува на утврдени непропорционално високи критериуми во спроведена постапка за јавна набавка на АПП **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките одговорното лице не достави дополнителни податоци и докази кои на ревизијата не и биле познати во текот на извршување на истата. Дадените објаснувања во врска со вредноста на опремата и просечните плати на вработените во соодветниот сектор не кореспондираат со одредбите на членот 144 од ЗЈН кој е не е доследно почитуван во овој случај.

8. Забелешката на констатираните состојби во **точката 5.1** која се однесува на начинот на постапување во делот на фактурирање на услугите за извршени услуги по програми донесени од Владата на РСМ и не пресметани обврски за ДДВ повикувајќи се на интерно Упатство за примена на данокот на додадена вредност, од Министерството за финансии **не се прифаќа**. Во прилог на забелешките одговорното лице не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори обелоденетите состојби од страна на овластениот државен ревизор и во исто време укажуваме дека донесувањето на подзаконски акт и правото на негово донесување треба да биде уредено со закон, истото да биде објавено во Службен весник на РСМ со што ќе биде јавно достапно за сите правни и физички лица кои се обврзници на ДДВ и повторно укажуваме дека е неопходно АПП да обезбеди соодветно официјално мислење од страна на надлежниот државен орган во врска со оваа состојба. Напоменуваме дека искажаното во оваа точка не влијае врз ревизорското мислење но може да има последици по работењето на АПП во наредниот период.

9. Забелешката на констатираните состојби во **точката 6.1.1** која се однесува на извршено основање на 8 ДОО **делумно се прифаќа**, од причини што е направена техничка грешка во делот на именувањето на правниот субјект кој се јавува како основач на 8 ДОО. Текстот на наодот се менува во став 1 и наместо „Агенцијата за просторно планирање гласи ЈП за просторни и урбанистички планови“. Со оглед на тоа што АПП е правен наследник на ова ЈП преостанатиот дел од утврдената состојба во оваа точка останува идентична како во нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.